5414

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
MLADI BORAC - Skoplje
15. II. 1968

## Музејот на современата уметност во Скопје:

# Широк центар за културно делување

НАВРШУВААТ ЧЕТИРИ ГОДИНИ од основањето на Музејот на современата уметност во Скопје, кој со својата богата дејност претставува навистина една од нашите најактивни и најмаркантни културни установи. Во текот на изминатите четири години, Музејот организира повеќе успешни изложби кои за нашата културна јавност претставуваат вистинско доживување: почнувајќи од изложбата на Пикасовата графика, па се до изложбите на подарените дела кои вкупно изнесуваат околу 1500 а чинат неколку десетици милиони стари динари.

Музејот е основан во земјотресот, кога повеќе уметници од земјата и од странство, во знак на солидарност, подаруваат едно или повеќе од своите дела. Неговото основање од друга страна беше неминовно и поради забрзаниот развој на современата македонска ликовна уметност, која бараше веќе свој третман и простор, свое отворање кон светот. Најголемата одлика на музејот досега е секако и во иднина е неговата универзалност, напорот да најде во него место пластичновизуелниот израз, творештвото на уметниците од сиот свет.

Во Музејот се наоѓаат слики подарени од уметници од Полска, Чехословачка, Франција, Бразил итн... Спрема податоците, најголем број слики има подарено југословенскиот сликар Петар Лубарда, додека најскапоцена е сликата на Пикасо која се проценува на околу 30 милиони стари динари.

Покрај организирањето на изложби, Музејот на совреманата уметност спроведува и друга музиолошка дејност. Се врши систематско средување и собирање на документација што се однесува до историјата на македонската современа уметност. Музејот печати исто така разни публикации во вид на каталози. При отворањето на некоја од изложбите, се организираат читања на современата поезија, или се поставуваат прашања и се води разговор со познати уметници.

Благодарејќи на помошта на Полската влада и некои други фактори, во јуни годинава ќе започне изградбата на зградата на Музејот на современата уметност, според проектот на тројца познати архитекти. Зградата ќе претставува „комплетен културно-рекреативен центар: ќе постои сала за изложба, за проекции, предавања, одмор, библиотека... Зградата ќе се одликува повеќе со својата функционалност и „естетско-архитектонска хомогеност", отколку со раскош и велелепност. Идниот Музеј ќе биде воедно широк центар за културно делување, единствен од таков вид на Балканот.

Д. К.